# ПОВРАТНИЦА

Истакнато на огласна табла 16.12.11

Наив бр. 22/09

Ев. 1

Предмет на пратката (назив на актот што се доставува) Пресуда од 26.10.11

Број на прилозите 1

Предадено на пошта во Ресен

На адреса Адв. Зоран Трајковски

Во Скопје

(Жиг на поштата)

ДО

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Р. да се истакне на огласна табла

---

Потврдувам дека денес на ______________________

201__ година ја примив пратката означена на предната страница

| Примач | Потпис | Врачувач |
| --- | --- | --- |
| | | |

Забелешка на врачувачот во случај на неиспорачување

Непронајден – I пов. на 12.12.11 год. затворено

Непронајден – II пов. на 13.12.11 год.

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Наив Бр. 22/09

............................... 201..... г.

ЛИЧНО НА РАКА

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН ПРИМЕНО 15.12.11

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ ПОШТА 7310

RESEN 05.12.11-16 7310

Неврачливо

ДО Адв. Зоран Трајковски ул. „Димо Х. Димов" 161 Скопје

Ресен

R RR060775839MK

Малв.бр.22/09

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како првостепен парничен суд, составен од судијата Царева Проевска, како судија поединец, во правната работа по тужбата на тужителот Комерцијална банка АД Скопје, против тужените Ленче Стефановска од Ресен, Милорад Миноски од Скопје и Мери Петрушевска од Скопје, за долг, вредност 10.011,50 ден., по одржаната јавна и главна расправа, на ден 26.10.2011 год., во присуство на полномошникот на тужителот, Маја Петровска од Скопје, полномошникот на првотужената, адв.Јане Ивановски од Ресен, а во отсуство на втотужениот, неговиот полномошник адв.Зоран Трајковски од Скопје, редно викан и третотужената Мери, редно викана, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените Ленче Стефановска од Ресен, Милорад Миноски од Скопје и Мери Петрушевска од Скопје, солидарно, да му исплатата на тужителот Комерцијална банка АД Скопје, на име долг, износ од 10.011,50 ден., со законска затезна камата, согласно ЗВСЗК, сметано од 01.06.2000 год. до 31.01.2010 год., а од 01.02.2010 год., до наплатата, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, сето тоа во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените, солидарно, на тужителот да му ги надоместат парничните трошоци во вкупен износ од 15.240,оо ден., во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Тужителот против тужените поднесе предлог за издавање дозвола за присилна наплата на неплатен долг.Од страна на Основен суд Скопје 1 Скопје дозволено е предложеното извршување, против кое првотуженат приговори, па со оглед да дозволеното извршување беше врз основа на веродостојна исправа, а приговорот се смета како приговор против платен налог, предметот се заведе во парнично одделение и затоа сега судот се служи со изразите:тужба, тужител и тужени.

Тужителот во тужбата и на расправата, неговиот полномошник, изнесе дека врз основа на веродостојна исправа меница и извод од картон на достасани обврски, тужените, по основ на солидарна одговорност должеле долг во износ од 10.011,50 ден., како и камата на долгот.Со оглед да тужените како должници навреме не го платиле долгот иако на првотужената и биле доставени опомени за подмирување на долгот, од страна на тужителот на ден 01.06.2000 год.поднесен бил предлогот за извршување.

Со писмен поднесок полномошнилот на тужителот го прецизира тужбеното барање.

Во завршен збор полномошникот на тужителот предложи да се уважи во целост тужбеното барање. Побара трошоци по приложен писмен трошковник.

Во писмениот приговор и во одговор првотужената, преку нејзиниот полномошник изнесе дека долгот кој го побарувал тужителот од тужената во целосно бил неоснован.Спрема нејзината евиденција салдото било на нула.Картицата не била доказ за долгот како и меницата која можела да се активира навреме и истата да била наплатена.

Во завршен збор полномошникот на првотужената предложи да се одбиело тужбеното барање поради застареност на истото.Побара трошоци.

Судот ја одржа и заврши расправата во отсуство на второ и третотужените, редно викани, согласно чл.280 ст.2 од ЗПП.

Во писмениот одговор на тужба второтужениот, преку неговиот полномошник, изнесе дека тужбата била неоснована во целост и предлагал истата судот да ја отфрлел.Тој воопшто не бил легитимиран да биде тужен и немал никаква врска со предметот и долгот.Не му бил доставен никаков доказ.

На расправата судот ги изведе предложените докази со читање на списите по предметот И.бр.2544/05 на Основен суд Скопје 2, поднесок од 10.06.2009 год. од тужителот, одговор на тужба од 28.05.2010 год. од адв.Зоран Трајковски, поднесок од 08.07.2010 год.од тужителот, поднесок од полномошникот на второтужениот Зоран Трајковски од 22.09.2010 год., писмен наод и мислење од 17.03.2011 год., поднесок за прецизирање на тужбено барање од 05.04.2011 год., приговор на вештачење од 13.04.2011 год. од адв.Зоран Трајковски од Скопје и го сослуша вештото лице Весна Бурлиовска, па на основа овие докази во смисла на чл.8 од ЗПП, ја утврди следната фактичка положба:

По барањето на првотужената за отворање на тековна сметка бр.131963/97 помеѓу тужителот и неа склучен е договор за тековна сметка под истиот број од 17.11.1998 год. со кој се утврдени правата и обврските помеѓу странките а вторoи трето тужените се јавиле како нејзини жиранти.Со договорот утврдено е дека тужената Ленче треба да уплаќа најмалку 7.000,оо ден. на отворена тековна сметка од 10-ти до 15-ти во месецот а тужителот се обврзал да и издава чекови во рамките на расположивите средства.По уплатата од страна на тужената Ленче од 7.000,оо ден.на ден 18.11.1998 год. издадени и се од тужителот 9 чекови од по 1.200,оо ден.Со реализирање на чекови запаќала во минусно салдо кое се зголемувало понатамошно реализирање на чекови.Од 28.12.1998 год.по реализирањето на последниот чек нема реализирање на чекови туку од страна на тужителот на долговното салдо се пресметувала камата а согласно договорот.После ова следувале опомени до неа од тужителот, за да на ден 31.05.2000 год.долговното салдо на тековната сметка што ја имала тужената кај тужителот изнесува 10.011,50 ден.

Врз основа на веродостојна исправа меница и извод од картон на достасани обврски, тужените, по основ на солидарна одговорност му должат на тужителот долг во износ од 10.011,50 ден.Со оглед да тужените како должници навреме не го платиле долгот иако на првотужената и биле доставени опомени за подмирување на долгот, од страна на тужителот на ден 01.06.2000 год.поднесен е предлогот за извршување.Видно од изводот и од книговодствената евиденција на тужителот, првотужената Ленче на ден 14.12.1998 год.издала три-3 чека од по 1.200,оо ден., за кои немала покритие со што влегла во минусно салдо.На ден 16.12.1998 год., 21.12.1998 год.и 28.12.1998 год.издала уште по еден-1 чекод по 1.200,оо ден. а за кои исто така немала покритие и со тоа го зголемила минусното салдо.

Предната положба судот ја утврди на основа изведените докази.

На основа вака утврдената положба судот најде дека тужбеното барање на тужителот е основано.

Имено, од изведените докази-изводот од книговодствената

евиденција на тужителот неспорно произлегува побарувањето на тужителот како и неговата висина.Исто така неспорно се утврди дека Договорот за тековна сметка бр.131963/97 од 17.11.1998 год. и меницата потпишани се од сите тужени што е и основ и обврска на тужените, солидарно, да му го надоместат долгот на тужителот.

Согласно наодот и мислењето на вештото лице произлезе исто така дека тужителот побарува од тужените износ од 10.011,50 ден. од кој износ од 7.000,оо ден.е на име главен долг, износ од 2.903,оо ден. на име камата и износ од 108,оо ден.за трошоци.Согласно евиденцијата на тужителот главниот долг не бил вратен.

Судот ги ценеше наводите на првотужената дека не и биле испратени од тужителот картици со пресметани каматни листи но ваквите наводи не се прифатливи од причини што се работи за тековна сметка а не за кредитна линија.

Судот ги ценеше и наводите дека во конкретниот случај имало застареност на тужбеното барање, но таквите наводи не ги прифати од причини што согласно чл.360 од ЗОО побарувањата застаруваат за пет години.Согласно чл.377 пак застарувањето се прекинува со подигање тужба и друго дејствие преземено од доверителот против должникот пред суд или пред друг надлежен орган заради утврдување, обезбедување или остварување на побрувањето.Согласно пак чл.381 ст.1 од истиот законски пропис по прекинувањето застарувањето почнува одново да тече.Со оглед на изнесеното а како првотужената западнала во минусно салдо на ден 14.12.1998 год. а предлогот за извршување е поднесен на ден 30.10.2000 год.во никој случај не може да стане збор за застареност на побарувањето.

Судот не го прифати ни приговорот на полномошникот на второтужениот на наодот и мислењето даден од вештото лице од причини што смета дека истиот е изготвен од стручно лице од областа на економијата.

Заради сето погоре изнесено судот одлучи како во изреката задолжувајќи ги тужените, солидарно, на тужителот да му го исплатата побарувањето-долгот во погоре наведениот износ а согласно одредбите за банкарска тековна сметка од Законот за облигационите односи.

Согласно чл.148 ст.1 од ЗПП, судот ги задолжи тужените, солидарно, на тужителот да му ги надоместат парничните трошоци во вкупен износ од 15.240,оо ден., од кои 1.000,оо ден. за такса по тужбата, 800,оо за такса по одлуката, 8.800,оо ден.трошоци за вештачењето и 4.640,оо ден. трошоци за достава преку извршител, сето тоа определено согласно Законот за судски такси.

С у д и ј а,
Царева Проевска, ср.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола

Д-НА: На полномошникот на тужителот, Маја Петковска од Скопје,
полномошникот на првотужената, адв.Јане Ивановски од Ресен,
полномошникот на второтужениот, адв.Зоран Трајковски од Скопје
и третотужената Мери.

ЛР/СТ

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
Верно со оригиналот потврдува
службеник